РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-3048/2
27-12-2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 57-та седница, прво продолжение, одржана на 21.12.2021 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 09-2583/1 од 02.05.2019 година, за лицето -------, директор на ООУ „------- – ---------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека нема можност да обезбеди дополнителни информации од пријавителот за наводите во пријавата и да утврди фактичка состојба.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 02.05.2019 година, поднесена е пријава за лицето ---------, директор на ООУ --------- – -----------и оформен е предмет број 09-2583/1 од 02.05.2019 година.

Во пријавата подносителот наведува дека во ООУ ------- – ---------- било извршено влијание при вработување на блиско лице на директорот (шура) на оглас распишан на 06.02.2019 година.

Заради утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите од пријавата, Државната комисија се обрати до ООУ --------- – ---------- со цел прибирање на документација за распишаниот оглас за вработување во ова училиште, објавен на ден 06.02.2019 година. По добиената документација, ДКСК не можеше да утврди кое е блиското лице кое е наведено во пријавата, по што се обрати до пријавителот за дополнителни и точни податоци во врска со објавениот оглас за вработување, како и податоци за вработеното, блиско лице на директорот.

Подносителот на пријавата подолг временски период не се произнесе по побараните податоци од него и ДКСК нема начин да ги потврди наводите од пријавата.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изготвил: К.З., раководител